ТЕМПЛУМ ЛИФТ Бр.4-5 АПРИЛ-МАЈ 95 100 ДЕН.

16 КОЛОРИ!

# ЛИФТ

МЕККЕЈ
ВУДРИНГ
КРАМБ
БРАУН
ПЕШЕВ
ЗДРАВКОВИЌ
М.НИЧЕВСКИ
СТАНКОВСКИ
ВУЛКАНСКИ
RAW




СПИСАНИЕ ЗА ПОСТ-УМЕТНИЦИ



# ВИНЗОР МЕККЕЈ



## ЧЕСТЕР БРАУН

### ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН

## КРАМБ

## ФРИЦ СУПЕРСТАР





## ЏИМ ВУДРИНГ

## СВИЊЧО



## ВУЛКАНСКИ/СТАНКОВСКИ

### ЛАБРИС



# ДИЈАНО-РАЦЕ



# МИЛЕ-ШАМПИОН!





# RAW

## ОД ПРИВАТНОТО ТЕФТЕРЧЕ

### РЕНЕ ФРЕНЧ

## ЧАРЛС БРНС

СПОНЗОР:
ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО, МАКЕДОНИЈА

ЛИФТ
одговорен уредник: П. Вулкански
графички уредник: Н. Гелевски
компјутерско уредување: КОМА
адреса: ул. Ал. Мартулков 13, Ск.
тел. 317-008, 31 11 22

насловна страна: Бобан Пешов
задна корица: А. Станковски
Соработници: Дијана, Били,
Сања, Надица, Венка, Би...
...а, ...нка

## БУНАР-ЛИФТ

Постоиме. Сега за сега, фала богу, ко и сé. Но, ние можеби повеќе гравитираме кон она лажливо постоење на шегобијното мастило, или таква некоја иронична фантазмагоричност. Веќе следниот пат може да нé нема, и тоа е супер тренинг - дрил, речиси - по метафизика, по релативност, по Теорија на ништожеството. А и еден од следните Лифтови ќе биде таков, програмиран за самоуништување, самиот по себе еден некрофилски перформанс; читаш читаш и - паф!, го нема, мастилото испарило.

Но, ете, сето тоа е нормално во земјата чие име за месец мај е: Последниот кинески чмар (т.е. специјална кратенка за УН: ПКЧ; мала ретроспектива на имињата: Terra Incognita, Дизниленд, Маусдонија, Бестрагија, Сателитко, Миноријa, Српска Тунгузија, Јужен Кипар, Коминтерновско-Ватиканска Измислица - КВИ... - праќајте предлози за нашата неидентификувана земја, како и симболи, се разбира, ова е стрип-списание!).

Поради секакви можни проблеми (в. Марфиеви закони) можни се разни претумбации во содржината на овој Лифт, такашто не верувајте во она што пишува, и обратно, важно дека колорите се внатре, дека има многу добри стрипови (и тоа наши!), и дека, сепак, еве нé, магливи, вакви-такви, исцртани со испрекинати линии (наречете ги: опскурност, опсценост, црн хумор, чудна иронија, артифициелни пренемагања, наречете нé!, тоа е играта!), а останатото (празно, или она што не ви е јасно или ве иритира) доцртајте го сами, ковертирајте го и спуштете го во оние жолти сандачиња кои одвнатре всушност се бескрајно длабоки лифтови.

*Пандалф Вулкански*



# Vinsor McCay

*Џудит О'Саливен*

# ВИНЗОР МЕККЕЈ, АМЕРИКАНСКИ МАЈСТОР

Кариерата и постигнатиот успех на Винзор З.МекКеј (***Winsor McCay***) се типично американски. Од сите е запомнет по својот стрип, прото-надреалистичкиот сон, епот "Малиот Немо во Земјата на соништата", а историчарите го карактеризираат како еден од татковците на американскиот анимиран филм. На патот кон својот успех МекКеј бил и бележит сликар, театарски актер, цртач на постери, патувачки уметник во еден тип на театар (да го наречеме водвиљ, иако значењето е покомплексно, а ние денес немаме такви "театри" за споредба). МекКеј ги нацртал воведните цртежи и комплетната концепција за спектакуларната музичка верзија на "Малиот Немо" на Виктор Херберт. Со други зборови, неговата кариера е речиси парадигма за успехот на американските уметници, кои им даваат првенство на искуствата од реалниот свет, пред формалното академско образование.

МекКеј е роден во Спринг Лејк, Мичиген, на 26 септември 1871 година, како син на Роберт МекКеј, шумски работник и претприемник на недвижен имот, и неговата сопруга Џенет Муреј МекКеј. Еден краток временски период ги следи инструкциите на уметникот Џон Гудисон во Ypsilanti Normal School, од кого ја научил прецизноста за перспективата и перфекционистичкото посматрање. Потоа заминува за Чикаго, каде се вработува во фирма специјализирана за правење огромни, дречливи постери, на кои биле насликани атракциите од рекламираните мелодрами и патувачките циркуси. На тие прекрасни цртежи се наоѓале "жени со брада, голтачи на мечовии и оган, и слични атракции".

Некаде околу 1889 год. МекКеј пристига во Синсинати, дојден како истакнат цртач за патувачките карневали, но останал како "сценски уметник" и цртач на постери во Кал и Мидлтонс Вајн Стрит Дајм Мјузеум, во некој вид шоу на чудаци. Во контраст со студиото на МекКеј, "нечистата, мала соба на најгорниот кат од музејот", фасадата на Кол и Мидлтонс, декорирана од него самиот, била во пламени бои и бизарни форми. Бил инспириран од "исплатливите извитоперени експонати" во шоуто, во кое имало "серија де лукс дебели жени, змии, живи скелети и костести мажи". "Како правило - кажува Монгомери Фистер, драмски критичар во "Синсинати Комршл Трибјун" - блескаво илустрираните украсени фасади беа инспирирани од самиот "театар": огромни змии што ползат по пурпурните мрачни шуми, момче со кучешка фаца и накострешена коса... Ана Милс, девојката со огромни стапала, која зазема истакнато место... "што е ова?" - прашува, грицкајќи коска меѓу своите тестерасти заби, човек без раце, кој шие чорапи, држејќи ја иглата со ножните прсти, и слични нешта, насликани".

За несреќа на музејот, "интересот беше поголем однадвор (за фасадата), отколку за самата продавница на чуда". Оваа декада на "интимност со гротескното" го има печатот на МекКејовиот стил, и неговата подоцнежна работа е полна со карневалски мотиви, вклучувајќи ги разните искривувања кои се добиваат со трик-огледалата, егзотичните животни, кловновите и танцувачите.

Друго влијание во работата на МекКеј се случува за време на неговото петнаесетгодишно работење во Синсинати, како уметнички репортер. Чудните реклами што тој ги правел го вознемириле граѓанството на Синсинати, "нерегуларно вработен новински уметник сака да црта кошмари". Во "Синсинати Комршл Трибјун", МекКеј во техниката на новинското илустрирање е подучуван од Џо Александер, менаџер за илустрации. Меѓу илустрациите наменети за "Трибјун" во 1898 год. има црно-бели пејсажи цртани врз фотографии, детални архитектонски ентериери и серија, може да се наречат прото-стрипови, кои се илустрација на сатиричните стихови на Џек Аплтон. Работата од овој период на МекКеј е окарактеризирана со изобилство стрип-кадри, мноштво црно-бели пејсажи и




Гладната Хенриета, 8 Јануари, 1905

користење на разновидни текстови. Неговата стилска едноставност може да се види во неговите калиграфски карикатури.

Можеби најважното искуство за МекКеј произлезе од неговото работење како уметнички репортер, каде го исползува особениот систем на "скицирање напамет", со помош на кој засновал извесни формули за претставување на телата во движење и мирување. Во почетоците на "Приказните од Ѓаволестата џунгла од Феликс Фидл", МекКеј користи такви начини, не да ги наслика актуелните објекти, туку да го оживее фантастичниот свет. (Придружените стихови на Џорџ Рендолф Честер, низа од 43 илустрации се објавени во "Синсинати Енквајрерс" од 1903, во додатокот од 18 јануари до 18 ноември.) Епот го демонстрира талентот на МекКеј за креативно дизајнирање на новинските страници, особено на воведните теми; сето тоа го потсетувало на неговото работење во Њујорк, истражувањето на егзотичниот свет на џунглата, крволочните ѕверки и метаморфозите. Секоја од "Приказните..." ја опишува адаптацијата на нежните и убави животни кон суровиот свет на преживувањето. Тука се: "Како комарецот ја добил својата боцка", "Како алигаторот ја добил својата голема уста" и "Како лавот го добил својот урлик". Во оваа серија, МекКеј ги создава двата знаменити типа, кои се појавуваат во секоја авантура: Феликс Фидл, авторот, глув стар човек со долга бела брада, висока шапка и актовка, кој на секоја трансформација гледа со голема рамнодушност и ликовите на "Ѓаволестата џунгла" кои подоцна ќе се појават во "Малиот Немо во земјата на соништата", МекКејовиот најуспешен стрип.

Успехот на "Приказните од Ѓаволестата џунгла" при крајот на 1903 год. му донесе ангажман во "Њујорк Хералд" и "Њујорк ивнинг телеграм" од страна на нивниот издавач Џејмс Гордон Бекет. За "Хералд" МекКеј ќе ги направи стриповите "Гладната Хенриета" и "Малиот Семи Икавецот", кои во далечната 1905 год. претставуваа тест за уметниковите експерименти во анимацијата. На пр. во епизодата од "Гладната Хенриета",




Малиот Немо во земјата на соништата, 1905.

објавена на 8 јануари 1905 год., бебето протагонист е однесено на фотограф. Сликичките од втората до петтата се идентични во поставувањето, видени од истото фиксирано место на гледање, ако окото на уметникот е објектив на апаратот. Единствено позицијата на фигурите се менува од рамка во рамка, во соодност со развивањето на дејството. Возбудувањето кое го произведува стрипот е визуелно; додека роднините и фотографот изведуваат апсурдни акробации да го привлечат вниманието на бебето, Хенриета вреска.

Во спротивност со експериментите во претставувањето на вообичаеното движење, обработено во "Хангри Хенриета" и "Литл Семи Снизи" во епот "Сонот предизвикан од зајачко месо", МекКеј го свртува интересот кон психичкиот живот на возрасниот сонувач. Секоја епизода прикажува различен протагонист чиј сон ќе "влета" во кошмар, во кој има многу егзотични месојади од "Приказните од Ѓаволестата џунгла". Овие кошмари не се предизвикани од дроги или алкохол, туку едноставно од јадење Велшки зајак. Интензитетот на стравот во сонот варира од блага неблагодарност, која прераснува во бегање без здив, и во хорор чувството на прогонување. Визуелните искривувања без сомнение се инспирирани од циркуските трик-огледала од петпарачкиот театар, кој продолжува да влијае врз МекКеј. Изборот на темите е од литературата на 19-иот век, отелотворена во стрип. Така во една епизода несреќниот сонувач е жив закопан, како во расказот на По, во друга се среќава со својот двојник (има повеќекратен "близнак"), заедничка тема и за американската и европската литература. Исто така, помеѓу "Соновите од ѓаволскиот Велшки зајак", од 1905 год. е епизодата што го најавува МекКејовото враќање кон "водвилската естетика", со што ја започнува следната година. Во неа сонувачот, постар маж, се жени со прекрасна млада дама и зема "младешки таблети". Но, овие се и премногу ефективни, па од првата до седмата сликичка тој е претставен од стари години до детството. "Водвилизмот" на МекКеј се состоеше од серии кратки скечеви, насловени како "Седумте години на човекот", каде уметникот ги опишува ликовите "од колевка до старост, никогаш не менувајќи ги основните главни црти од лицата на неговите субјекти". Во 1906 год. е направена добро познатата филмска адаптација на МекКеј, "Злобниот зајак" од Едвин С. Портер.

Вториот стрип МекКеј го прави за "Ивнинг Телеграм" во 1905 со наслов "Пилгримовиот прогрес" кој дојде последователно по "Сонот предизвикан од демонскиот зајак". Насловот на стрипот е земен од ремек-делото на Џон Бањан, автор од 17. век. Главниот јунак е висок, слаб маж, облечен во црн костум и висока шапка, кој носи актовка на која пишува "Досадна грижа". МекКеј ја објаснува својата интенција во креирањето на стрипот, која е нешто како нотирањето на судските цртежи, кои ги користел од Gelman Collection во Универзитетската библиотека на Охајо. "Во Прогресот на г-дин Бањан - пишува авторот - тој се обидува на сите можни начини да се ослободи од товарот "Досадна грижа", но тој како мачка одново се враќа. Стрипот ми претставуваше голема забава и мислам дека е исто толку добар, како и "Сонот..." Неговиот товар (актовката) е залепен до него, тој се обидува да го изгори, закопа, фрли во море, разнесе на парчиња, да ја продаде актовката, дури подари, да ја фрли од воз, да ја газат автомобили, сешто се обидува да се ослободи од актовката-товар, но не успева. Се надевам дека моите моите обиди ќе ви бидат интересни".

Во работењето на МекКеј од 1905 година можеме да видиме две можни насоки. Во светот на "Зајачкото месо", монотонијата од секојдневната егзистенција е заменета со алтернативен универзум во кој владеат непредвидливи закони. Во "Пилгримовиот прогрес" дневните грижи го притискаат протагонистот со претерана силина. Овие две тенденции ја покажуваат перманентната напнатост во работењето на МекКеј. Елементите од секојдневното




Сон предизвикан од зајачко месо, 1905.

живеење постојано се натрупуваат во светот на фантазијата, такашто почнува да се наѕира фантастичниот свет на "Малиот Немо во земјата на соништата", кој настапува по три години.

Првата епизода од "Малиот Немо..." е објавена во "Њујорк Херолд" на 15 октомври 1905 година, со што е направено разграничување меѓу поранешниот труд на МекКеј од новонастанатиот. Иако "Малиот Немо..." исто како и "Зајачкото месо" е сон-стрип, неговиот протагонист е дете, не возрасен. Синот на МекКеј, Роберт Винзор, е моделот за Немо, кој е било кој млад човек, како што и самото латинско име кажува: "немо" - значи "никој". Во "Земјата на соништата", фантастичните авантури, вклучувајќи го патувањето во времето и просторот, се појавуваат во свет со грандиозна архитектура, веројатно инспириран од чикашката Колумбиска Изложба од 1893 година.

Специфичниот стил, во кој овие авантури се наапправени, е постигнат во време кога американците беа многу заинтересирани за арт-ноувеау. Ентузијазмот на Америка кон кривата линија и досадното шаблонизирање, кулминира во триумфалниот прием на Алфонс Муха во Њујорк во 1904 година, кога во исто време тој го отвора американското студио. МекКеј ги трансформира кривите линии и ирационалната боја на арт -ноувеау. Со помош на успешното сликовито искажување и текстуалната содржина во балоните, тој наметна визуелна нарација, давајќи му сосем личен печат на интернационалниот стил на пресвртницата од векот. Повеќето од ликовите во "Малиот Немо" се позајмени од речникот на арт-nouveau (пауни, лилјани, лебеди и изобилство на водена флора). Елементите од традиционалните приказни се исто така задржани, пример за тоа е приказната за стариот крал, неговата убава, млада ќерка (како во приказната за кралот Мида) и натпреварот во кој треба да победи најдобриот младич. МекКеј внесува свој личен печат во користењето на ликовите, кој произлегува од неговото работење со карневалите и петпарачкиот театар, (егзотични животни, кловнови, разни изведувачи и накази). Во неколку аспекти, МекКејовата визија опфаќа надреалистички истражувања: надворешноста е нестабилна, природата е непријателска, објектите се преплетувааат на ирационални начини, механичките средства често се користат. Во овие фантазмогории, МекКеј создава еден поинаков свет во кој неочекуваното е вообичаеност, а земското е исклучено.

Сепак, постепено, опсесијата со социјалните проблеми се натрупа врз "Малиот Немо". На 22 март 1908 год. во една епизода Немо го следи глутница волци (традиционален симбол за глад), дури во самиот град Шентитаун, што ја прикажува разорната сила на урбаната средина. Додека влегува во еден беден кварт во градот, Немо се среќава со ангел, кој му дава скиптар. Немо ќе го искористи скиптарот за да прогледа слепиот и да проoди сакатиот. Враќајќи му ја ампутираната нога на едно момче, Немо ќе му рече: "фрли ги патериците"! Насобраната толпа зинува од чудење: "Види! Го излечи сакатиот! Кој е тоа?" На 19 април 1908 год. Немо, како и Христ, враќа во живот дете на умирање. По одењето во црква, тој вели: "Сега сум подготвен да ја видам твојата болна сестра. Каде живееш? Каде е тоа? Одиме кај неа веднаш!" На вратата од станот Немо се сретнува со мајката на детето, која во рацете држи распартaлено дете. Веднаш до влезната врата стои документ за исфрлање од станот. На мансардата, девојчето на умирање спие во сандак со слама. Немо го допира нејзиниот сандак со скиптарот и тој се претвора во златен саркофаг, а таа се буди во поле на велигденски лилјани (традиционален симбол на воскреснување или повторно раѓање) исто како што него го будела мајка му да ги бара велигденските јајца. Немо го изразува своето незадоволство од немоќта да ги промени социјалните проблеми: "Да, јас сум тој кој сонува. Така и си мислев! Пих!"

Социјалните проблеми повторно се пројавуваат во фамозната Марс - тема, во последната голема авантура од "Малиот




Прогресот на Пилграм, 1906

Немо"(април 1910), што се гледа во неговото зголемено внимание за дијалогот. МекКеј се обидува да каже нешто што не може да се изрази само со сликовен приказ, туку бара печатен збор. Како што воздушниот брод се приближува кон планетата, патниците од Шумбекланд забележуваат дека Марс е преплавен со знаци: *Приватна сопственост, Забрането Минување, Подалеку од овој воздушен простор.*



Диносаурусот Герти, 28 Дек. 1914.

Во третата рамка се слушаат пофалбите од сопственикот на домот, рекламната табла пее: "Зошто да плаќаме кирија? Имајте дом на небото! Рефренот се повторува: "You'll have  pie in the sky when you die".

Слетувањето на бродот на гледачот му овозможува да ги види стотиците идентични домови, каде не се гледа никаков знак на човечки живот или вегетација. Одеднаш, Немо сфаќа дека не може да дише и тој колабира. На палубата долетуваат двајца Марсовци со нозе како патки и ги информираат патниците дека на Марс, дури и кислородот мора да се купи од тиранинот, капиталист, Б. Гош.

Подоцнежните најголеми успеси на МекКеј се на полето на анимираниот филм. Голем број од МекКејовите анимации се инспирирани од неговите стрипови. Реализиран од Витаграф на 8 април, 1911 година, цртаниот филм "Малиот Немо" ликовите ги има позајмено од неговиот претходен стрип: противникот, Флип, злонамерниот Немирко, Малиот Немо лично, принцезата, физичарот од Земјата на соништата, доктор Пил (наброени според редот на појавувањето). Несвојствено за стрипот, анимацијата нема специфичен заплет. Конвенционалното драмско развивање на дејството е заменето со апстрактен анимизам. Секоја точка и линија имаат единствена виталност да се метаморфозираат во растение, животно, апстрактна форма. Дистинкцијата помеѓу анимираното и неанимираното е нејасна, па така линијата еднакво лесно може да се претвори во човечко тело, како и во украсна шара.

Во адаптирањето на ликовите од стрип за анимиран филм, МекКеј ќе ја има помошта од неговиот млад пријател и сосед Џон А. Фитцимонс.

По комплетирањето на "Малиот Немо" во јануари, 1911 година, МекКеј започнува со својата втора анимација "Приказна за комарецот (како комарецот оперира)", завршена во јануари 1912 година. Исто како што е случај и со "Малиот Немо", и втората анимација се базира на стрип. Во овој случај, инспирацијата е од една епизода од "Сонот од зајачко месо", во која еден филистерски комарец се распрскува, откако ненаситно ќе се нацица крв полна со алкохол. Неговиот главен протагонист е Стив, ноншалантен градски комарец, гиздаво облечен, во стилот на Феликс Фидл. Откако ќе ѝ се поклони на публиката, Стив си ја остри цицалката врз каменот што го носи во актовката. Пиејќи ненаситно од крвта на сонувачот, Стив експлодира. Во сите цртани филмови на МекКеј има нераскинлива поврзаност помеѓу стрипот и филмот.

Додека се прикажуваше "Приказната за еден комарец" за време на водвилската турнеја во март, 1912 година, МекКеј ги најави плановите за третата анимација, планира еп со




содржина од предисторијата, во соработка со Американското Историско Друштво. Крајот резултира со "Герти", со резервирани права на авторот на 15 септември, 1914 година, продадено на Вилијам Фокс и реализирано од Бокс Офис Атракшнс на 28 декември, 1914 година. "Герти" е многу слична со "Сонот за зајачкото", епизода објавена во "Хералд" на 25 мај 1913 год. каде прекрасен розов диносаурус излегува од една пештера и голта карпи и дрвја. По реализацијата на 26 декември 1914 год. од страна на Moving Picture World, "Герти" е најавувана како "најголема комедија било кога направена!" Герти е танго танчерка, голема колку Фларитон зградата, јаде сé живо - од китови до слонови!

"Герти" е првиот анимиран цртан филм на МекКеј, кој има комплициран пејсаж како заднина. Во компонирањето на овие заднини МекКеј одново ја има асистенцијата на Џон Фитсимонс. Опремена со пештера како засолниште, со океан како фонтана и дрво за исхрана, Герти е прикажана како дел од МекКејовиот водвиљски свет. За изведбата уметникот ќе ја облече како циркуски дресер на лавови, синхронизирајќи ги своите движења со оние на нацртаниот диносаурус.

На 12 јули, 1916 год. "Детроит Трибјун" ги соопшти плановите на МекКеј да ја создаде неговата прва и единствена анимација заснована врз историски настан, "Тонењето на Луситанија". Прв труд врз целулоидна лента, цртаниот филм ги резервира своите права на 19 јули 1918 година, а веќе следниот ден е реализиран од Universal -Jewel productions. Други анимации на МекКеј се: "Кентаури", "Циркусот на Флип" и "Герти на турнеја" (од 1913 до 1924 год.), како и серии од анимираниот "Сонот од зајачкото", најавувани од Moving Picture World на 29 октомври, 1921 година како "Дванаесет илјади стапки вистинско смеење, месечно". Три по број, овие сонови го опфаќаат и "Галениче", во кој "измислената куќа за галеничиња... почнува да расте, откако ќе биде

затруена со доза "отров за стаорци" вбризгана во лапачкото чудовиште... повисоко од десеткатница; чудовиштето уништува сѐ што ќе му се најде на патот, сѐ додека на крајот, стотици воени авиони не го уништат."

Други два анимирани "сонови" се "Водвиљската тавтабита" и проблематичната "Летачка куќа", резултат на здружените напори на Винзор МекКеј и неговиот син Роберт.

Во оценувањето на мајсторските анимации на МекКеј, важно е да се напомене дека повеќето од животинските ликови се фантастични; таков е змејот во "Малиот Немо" и протагонистот од "Кентаури"; микроскопскиот комарец, централниот лик во "Приказна за комарецот"; изумрените животни, Герти и нејзините пријатели. Овие протагонисти се избрани со интенција да ги демантираат обвинувањата дека движењето внатре анимацијата се базира врз транскрипција од фотографии. Во случајот на Герти, како што тврди Клауд Брегдон, МекКеј одбрал диносаурус за да им докаже на критиката и на неговите омаловажувачи дека тој работи независно од модели и фотографии. Имал обичај да се потпре на раце и колена и да ги набљудува и мери движењата на своето тело, за Герти да биде што поприродна. А тоа дека МекКеј е потврден фотограф е сосема сигурно, со Томас Едисон, на пример, често разговарал за некои технички проблеми околу фотографијата.

Измислувајќи животни што никогаш не постоеле или пак претпоставувајќи ги движењата на инсектите, премногу мали да се проучуваат, МекКеј ќе ја покаже законитоста на сите движења, уште еднаш потврдувајќи ја грандиозната способност за имагинација.

Како и многуте американски уметници родени во 19 век, и МекКеј мораше да влезе во светот на комерцијалната илустрација, со цел да опстане и успее, но неговиот талент и личност беа доволно силни да му овозможат да се прилагоди кон барањата на пазарот, без жртвување на квалитетот на работата. Неговата љубов кон технологијата го поведе кон пионерски обиди во развојот на филмот, иако тој никогаш не ги употребил комерцијалните можности на медиумот. Неговиот oeuvre рефлектира тензии што потекнуваат од неговата парадоксална личност. На пример, од водвиљски актер МекКеј станува човек кој работи во апсолутна тишина. Потврден иноватор, кој придонел за развојот на американските подвижни слики, МекКеј го задржал амбивалентниот став кон технологијата во стрипот "Сонот од зајачко", третирајќи го механичкото како закана; тој, на пример, и во вистинскиот живот одбивал да вози автомобил. Уметник со грандиозна имагинативна способност, со афинитет кон фантастичното, тој сепак страдал од обременетата социјална совест која некако "упадна" во МекКејовиот волшебен свет на соништата.

превод: Сања Фрковиќ
извор: The Great American Comic Strip


DREAM OF THE RAREBIT FIEND
Минатата недела рече дека ме сакаш и сега -
Не сакаш да ми кажеш дали е вистина! Ми се чини
дека не можам да те разберам!
Ти си за мене загатка како слагалица! Слагалица
што не можам да ја составам.
Ти не си гатанка ниту -
Нејаснотија. Ти си слагалица!
Оф! Никогаш не ќе можам да те составам!
Леле! Тоа зајачкото што го јадев вчера! Оф! Нема веќе никогаш! Јадев само поради таа девојка!
SILAS


DREAM OF THE RAREBIT FIEND
Мислам дека ќе го прифатам вашиот предлог. Да! Ќе го купам! Го прегледав! Го сметам за нешто добро! Да, ќе ја прифатам вашата цена!
Не правиш грешка! Се збогатив од тоа, а сега сакам да се пензионирам. Лока-цијата е одлична! Во центарот на градот и илјадници луѓе висат таму!
MOVING PICTURES
Се радувам што го купив. Ќе се збогатам со него. Видете ги како влегуваат!
MOVING PICTURES
О! Ми се на-малува про-метот. Во што е проблемот?
MOVING PICTURES
О! Каде се лу-ѓето? Ова е чудно! Каде ли отишле?
MOVING PICTURES
Каде е го-лемата про-давница што беше овде? Исчезнала! Тука беше пред минута!
Целиот град го снемува од пла-нетата, се чини! Што да правам? О, гледајте!
MOVING PICTURES
MOVING PICTURES
Една по една ги снемува! О, не мо-жам да раз-берам. Кога ли ќе пре-стане сето ова?
MOVING PICTURES
Е па, се чини дека ќе мо-рам да се откажам. Изгледа дека сега не можам да го продадам!
MOVING PICTURES
Не знам како ниту каде да одам сега! Изгубен сум! Шворц сум, и -
Ало! Дали си тоа ти, чувару? Дали сé е во ред? Ту-кушто го сонував местото и се за-грижив! Ѕирни наоколу и види! А, проклети да се тие зајаци!
SILAS
NEW YORK HERALD CO.
All Rights Reserved

# СОН ПРЕДИЗВИКАН ОД ЗАЈАЧКО МЕСО




СТИГНАВ ДО ВОДАТА. СЕГА! ЖИВОТОТ ВО НЕКОЈ ДРУГ СВЕТ НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ПОЛОШ ОД ОВОЈ, БЕЗ РАЗЛИКА КАДЕ И ДА ОДАМ. ДРУГАРИТЕ ЌЕ МЕ НАРЕЧАТ БУДАЛА—
ВО ПРАВО СЕ! ДА МИ БЕШЕ ДАДЕНА БАРЕМ ПОЛА ШАНСАМ НЕМАШЕ ОВА ДА ГО СТОРАМ! БЕЗ РАЗЛИКА И ОНАКА Е СЕ ЗАВРШЕНО ОП!
ХА! ОВА Е ЧУДНО. ЗОШТО НЕ ТОНАМ? ЈА ДОПРЕВ ВОДАТА И ИЗГЛЕДА ОТСКОКНАВ, НЕ РАЗБИРАМ ЗОШТО БИ
ОТСКОКНАЛ. УФ!! ОВА МЕ НЕРВИРА. НИКОГАШ НЕ СУМ СЛУШНАЛ ЗА ОТСКОКНУВАЊЕ ОД ВОДА. ТРЕБАШЕ ДА ПОТОНАМ—
ДА, ГОСПОДИНЕ! СЕ ВРАЌАМ НАЗАД ОД КАДЕ ШТО СКОКНАВ. Е, ПА ИЗГЛЕДА ИЗБРЗАВ—
И МОЖЕБИ Е ПОДОБРО ШТО НЕ ПОТОНАВ. СЕГА ЌЕ МОРАМ ДА—


РАЗМИСЛАМ ЗА ПОТЕГОВ, ИЛИ ДА ЈА СМЕ- НАМ МЕТОДАТА. СИГУРЕН СУМ.
ТЕ ФАТИВ, ТИ ПОДМОЛЕН БЕДНИКУ, И ЌЕ ТЕ УДРАМ ПО
ВРАЌАМ ТАМУ ОД КАДЕ ШТО СКОКНАВ
ВО ШТО ЛИ СЕГА СЕ УДРИВ? УФ! УФ!
ВИДИ, ВИДИ!!! НЕКА СУМ ПРОКЛЕТ... ВАКВИ РАБОТИ СЕ СЛУЧУВААТ КОГА ЈАДЕШ ВЕЛШКИ ЗАЈАК. КАКОВ ПОДМОЛЕН СОН! ХМ!
SILAS.

# ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН

## 3

## ТРЕТ ДЕЛ




ERT
XYZ
ТЕМПЛУМ
КНИГИ
MON-SAT
11AM-9PM
ЕЈ МАЧЕ!
БЛАК -- ЗОШТО МИРИСА НА ГОМНА ОВДЕ?
CLOSED
САЈРЕЛ! ШТО ПРАВИШ ОВДЕ?
САМО МАЛКУ МАРСИ, МОРАМ ДА МОЧАМ.
ИМА ТОАЛЕТ ОНДЕ ДОЛЕ.
ДОБРО Е -- ЌЕ ОДАМ ПОЗАДИ ВО ДВОРОТ.


DRCKL
СЛУШАМ НЕКОГО! МОЖЕТЕ ЛИ ДА МИ ПОМОГНЕТЕ? ВЕ МОЛАМ ПОМОГНЕТЕ МИ! ОСЛЕПЕН СУМ!
ШТО МИСЛИШ, КАКО МУ УСПЕВА НА ТИПОВ ДА ЗБОРИ БЕЗ ДА ЈА МРДА УСТАТА?
УФ... НЕ ЗНАМ.
ВЕ МОЛАМ
УПС... ИЗГЛЕДА ДЕКА НЕ ГО ПРЕПОЗНАВА.
ВЕ МОЛАМ ПОМОГНЕТЕ МИ.
ЗНАЧИ, ШТО САКАШ ЗА РУЧЕК? ЈАС ЌЕ ТИ ДОНЕСАМ.
ХМ... САКАМ ТОСТ И СОК ОД ГРЕЈПРФРУТ
SLAM
НЕ ОДЕТЕ! ЈАС СУМ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АМЕРИКА!
XYZ BOOKS


СЕ ДВИЖАМ!
АЛО!
ИМА ЛИ НЕКОЈ ТАМУ НАДВОР?
ЕЈ! ЌУТИ!
ЕБАТЕ, ЌЕ ИМА ГОМНА ПО ЦЕЛА КОЛА.
И СИТЕ ЌЕ ИМАМЕ ЃАВОЛЕСТА НАСМЕВКА ЦЕЛ ДЕН.


СИТЕ ЌЕ ИГРАМЕ СЛЕДИ ГО ВОДАЧОТ..
..И ПИПНИ СТОЈ И
ЈАНИНО СЛАНИНО..
..И МОЖЕ ДА НИ ЈА ПОКАЖЕШ
НОВАТА ИГРА МАЈМУНОТ ВИДЕ
МАЈМУНОТ НАПРАВИ!
ЛЕЛЕ!
НЕ-НЕМА ПАК ДА МЕ
ТЕПАШ НЕ-НЕЛИ?
ЕЈ!
ТИ РЕКОВ ДА ЗАЌУТИШ!
?
И-ИЗВИНИ
ТОА БЕШЕ ХИТОТ
БРОЈ ЕДЕН "ЃАВОЛСКА
НАСМЕВКА"! СО ВАС Е
МАЈСЕС РОБЕР НА
С-К-У-Т РАДИО!


И-И АКО УШТЕ ЕДНАШ ТЕ ВИДАМ ДА СЕ МОТКАШ ОКОЛУ НЕЈЗЕ ЌЕ ТЕ УБИЈАМ!
ЕБАТЕ!



И ТАА САКАШЕ ДА ЈА ЗАПОМНАМ ЛЕКЦИЈАТА СО СВЕТИ ЏАСТИН...
ДЕКА ТРЕБА ДА ГО ОТСЕЧЕШ ОД СЕБЕ ОНА НЕШТО КОЕ ТЕ ТЕРА ДА ГРЕШИШ.
АУХ!
THUNK THUNK THUNK
ТИ БЛАГОДАРАМ ГОСПОДЕ.
ТИ БЛАГОДАРАМ.


ТИ
БЛАГОДАРАМ



КА-КАДЕ Е ТАА...?
Н-НЕ Е МОЖНО СÉ УШТЕ ДА Е ЖИВА?
НЕ БИ МОЖЕЛА!
НЕЈЗИНАТА КРВ!
ИЗГЛЕДА ДЕКА НЕКОЈ ЈА ВЛЕЧЕЛ!


КАНАЛИЗА-
ЦИЈАТА?
А-АЛО?
АЛО?
ДАЛИ МЕ
СЛУША НЕКОЈ?
?
?
?
?
?
?
УГА
УГА
БАЛУГА!
ТОА ЗВУЧИ КАКО
НЕКОЈ СТРАНСКИ
ЈАЗИК! ГОСПОДЕ
ДРАГ, КАДЕ ЛИ
СУМ ЈАС?


НЕ СУМ СЛЕП!
ГОСПОДЕ ДРАГ! ЏИНОВИ!
КАДЕ--
--СУМ--
...JАС?
О...
НЕ...


HRLOGHP
...ИИИ...
Ш-ШТО...?
...КОЈ...
...КОГА--?


ПСТ! ЗНАМ, ЗНАМ!
НЕ ЗНАМ ШТО ПРАВАМ ОВДЕ НИТУ КАЈ СМЕ СЕГА. САМО БИДИ ТИВОК ЗА ДА НЕ ЗАВРШИМЕ КАКО ОВАА ДЕВОЈКА ПОКРАЈ НАС.
ЛЕЛЕ!
ПСТ! ТИШИНА!
ОВДЕ СМЕ ДОНЕСЕНИ ОД ЕДНИ НИСКИ И ГРДИ МАЛИ КРЕАТУРИ. НЕ ЗНАМ КАДЕ СЕ ОТИДЕНИ НО САКАМ ДА СИ ОТИДЕМЕ ПРЕД ДА СЕ ВРАТАТ, ЗАТОА СТАНИ И АЈДЕ ДА ТРГНЕМЕ!
СЀ УШТЕ НЕ САКАТЕ ДА НЀ НАПУШТИТЕ, НЕЛИ?
ЈАС СЕ ПРЕТСТАВУВАМ. МОЕТО ИМЕ УНГАЛА.
ВИЕ ЗБОРУВАТЕ АНГЛИСКИ?!


ДА. МОЈОТ НАРОД ИЗБЕГНУВА КОНТАКТ СО КУЛТУРАТА НА ЦИНОВСКИТЕ ЛУЃЕ.
ТИЕ ЧЕКААТ ДЕН КОГА ЌЕ БИДАТ ВРАТЕНИ ВО САКАНАТА ТАТКОВИНА.
ЈАС СУМ ЕДИНСТВЕН ОД МОЈОТ НАРОД КОЈ НАУЧИ ЈАЗИК НА ЦИНОВСКИ ЛУЃЕ. МОЈОТ НАРОД СЕГА ПЛАШИ И МЕ ИЗБЕГНУВА.
НО СЕГА ПЕНИС ГОСПОД ДОЈДЕ ЗБОРУВА АНГЛИСКИ И МЕ ВИКАА ДА ЗБОРУВАМ НА ПЕНИС ГОСПОД.
"ТИЕ НАЈДОА ДВА МРТВИ ЦИНОВИ ВО ПАРК И ГИ ЗЕМАА ДВАЈЦАТА ЗА ХРАНА--НО ЕДНИОТ НЕ МРТОВ И ИМА ПЕНИС ГОСПОД"
ПЕ-ПЕНИС ГОСПОД?
ДА. МОЈОТ НАРОД ОБОЖАВА ГОЛЕМ ПЕНИС ГОСПОД НА НЕБО. ВЕРУВА ДЕКА ГОСПОД НАЈПОСЛЕ СЕ ПОЈАВИЛ ЗА ДА ГИ ОДВЕДЕ ДОМА.
ЕДНО ЗБУНУВА МЕНЕ.
ЗАШТО ПЕНИС ГОСПОД ПОЈАВУВА НА ТЕЛО НА ЛОШ ЦИН И ЗБОРУВА АНГЛИСКИ
ПА, ЈАС... УХ... СЕ ПОЈАВИВ НА ТЕЛОТО НА ЦИН ЗА.. УХ... ДА ДОНЕСАМ ПОГОЛЕМО РАЗБИРАЊЕ МЕЃУ ДВАТА НАРОДА.


НЕ ВИ ПРЕЧИ АКО ВЕ СТАВИМЕ НА ЕДЕН МАЛ ТЕСТ?
ПА... ПРЕТПОСТАВУВАМ ДЕКА НЕ.
СÈ ДОДЕКА НЕ Е НЕШТО ПРЕМНОГУ НАПОРНО.
НИЕ УБИЕМЕ ЛОШ ЦИН. АКО ВИЕ СТВАРНО ГОСПОД ЌЕ ПРЕЖИВЕЕТЕ БИЛО КАКО.
М-М-МЕНЕ?
ВИДЕТЕ ДРУГАРИ, ВИЕ СТЕ ВО ПРАВО--СЕ РАЗБИРА -- НЕ СУМ ЗАГРИЖЕН ЗА МОЈАТА БЕЗБЕДНОСТ, НО ОВОЈ ЦИН Е НАВИСТИНА ДОБРО МОМЧЕ.
НАВИСТИНА.
<ШТО ВЕЛИ?>
<ТОЈ ВЕЛИ ДЕКА Е ПРАТЕН КАКО СИМБОЛИЧНА ЖРТВА. САМО ШТО МОРАМЕ ДА ГО УБИЕМЕ ОВОЈ ЛОШ ЦИН ЗА ДА СЕ ОСЛОБОДИ НАШИОТ ГОСПОД ОД ЦИНОВИТЕ>
УГАР ФОТА.
УГАЛ БАЛ.
РОГА БОГАЛ.
ФУГА НУГА ВАГ.
НУГА ВАКА КАВАСАКИ?


ГУЛА АПУГА УГАСА.
ЛИСТУГЛЕ УГА БО ФА САЈУГА СМУГА?
УГА УГА БУГА!
УГА БУГА!
БАНУГ ФАРАБУГ
УГА!
... ННН...
ЕЈ! ЧЕКАЈТЕ! ШТО САКАТЕ ДА НАПРАВИТЕ СО ТОЈ НОЖ!?
ЧЕКАЈТЕ! НЕ!


AAAAAA
А НЕ-- НЕМА ДА ДОЗВОЛАМ ТОА ДА СЕ СЛУЧИ ПОВТОРНО!


AAAA
ЗДРАВО!
...ЗДРАВО...
ЗДРАВО!
CWDB 87

# РОБЕРТ КРАМБ




# МАЧОРОТ ФРИЦ
# ФИЛМСКА ЅВЕЗДА


FRITZ the CAT
"SUPERSTAR"
©1972 by R. CRUMB
... И НА ВАШАТА ЛЕВА СТРАНА СЕ НАОЃА ЖЕЛЕЗНАТА ПОРТА ОД ИМОТОТ НА МАЧОРОТ ФРИЦ, ПРЕТХОДНО СОПСТВЕНИШТВО НА КУЧЕТО ГУФИ, ПОПУЛАРЕН КОМИЧАР ОД МИНАТОТО... ФРИЦ ГО НАБАВИЛ ОВОЈ ОГРОМЕН ИМОТ ПРЕД ДВЕ ГОДИНИ ОТКАКО НЕГОВИОТ ПРВ ФИЛМ СТАНАЛ ХИТ.
HOLLYWOOD TOURS
ПОГЛЕДНЕТЕ ГИ ДОМОВИТЕ НА ЅВЕЗДИТЕ
ВНАТРЕ, ЈА НАОЃАМЕ ГОЛЕМАТА ЅВЕЗДА, ЛИЧНО, ЗАНЕСЕН ВО ТИПИЧНО ДЕКАДЕНТНА РАБОТА СВОЈСТВЕНА ЗА ЕДНА ФИЛМСКА ЅВЕЗДА.
НАПИ СЕ УШТЕ МАЛКУ БРЕНДИ, ДУШО!
ХА!
EEEJ!
GLURK
ГОМНАР!!! ЌЕ ТИ ЈА СКИНАМ ГЛАВАТА!
ААА! КАКО НЕ, ГРДА ГУШТЕРКО! ХА, ХА!
ЕБИГЕЈЛ, ЈАС СУМ МНОГУ ПОБРЗ ОД ТЕБЕ!!! ХА, ХА!
САМО ДА МИ ВЛЕТАШ ВО ВИЛИЦИВЕ! ДУРИ ТОГАШ ЌЕ СЕ СМЕЕШ!


ТЕ ФАТИВ!
CRASH!
BZZZZZT
КОЈ Е?
ИМА ЛИ НЕКОЈ ДОМА, ИМАМ ЗАКАЖАНО СО ФРИЦ!
СРАЊЕ!! КОЈ ЛИ Е ОВА? НЕ МОЖАМ ДА СЕ СЕТАМ!
ОХ! ГОСПОДЕ!
НИКОГАШ НЕ МОЖАМ ДА СЕ ЗАБАВУВАМ!
ЗДРАВО! ЈАС СИГУРНО СУМ ЗАДОЦ-НИЛ СЕ НАДЕВАМ ТОЈ Е ТУКА!
ХЕ! ХЕ!
СЕ ВИКАМ МЕЧКАРОВ БРУНО...ХМ...ТУКА ЛИ Е?
КАКО ДА ИМАЛО НЕКОЈ МЕТЕЖ ОВДЕ! ХЕ, ХЕ!


ТИ ЛИ СИ ДАНОЧНИОТ ЕКСПЕРТ!
ШТО? АХ... ДА!!! ФРИЦ??
ТОА СУМ ЈАС, БРАТ! МЕ РАДУВА ШТО ВЕ ЗАПОЗНАВАМ!!
МЕЧКАРОВ БРУНО... ХЕ, ХЕ..
ГОЛП!
ДА ТИ КАЖАМ НЕШТО Г-ДИНЕ МЕЧКАРОВ! ЗЕМАЈЌИ ГИ ПРЕДВИД МОЈАТА БИВША ЖЕНА И ВЛАДАТА ЈАС ЌЕ ОСТАНАМ БЕЗ ПАРИ ОВАА ГОДИНА!
ТИЕ СЕ НЕЗГОДНИ...ХЕ... ..ХЕ, БИВШИ ЖЕНИ И ВЛАДИ... ...ХЕ...ХЕ...
ГЛБ!
ФУЈ!
ММ...САКАТЕ ДА СЕ НАПИЕТЕ НЕШТО? ДА ПОПУШИТЕ ХАШ? ДА ШМРКНЕТЕ КОКАИНЧЕ? КАЖИ?
ХОП
ОВА... ЗА ПИЕЊЕ САМО!
САКАШ ДА СИ ОДАМ?
ЕБИ СЕ!
АХ,... ДА...ОДИ ГЛАНЦАЈ СИ ГИ НОКТИТЕ...
ХА, ХА!


ОВАА ЕБИГЕЈЛ Е ЈАКА ЖЕНСКА. НЕЈЗИНИОТ ТАТКО Е ЕЈБ АЛИГАТОРОТ, ГОЛЕМИОТ ЦАР ЗА СОКОВИ ОД ФЛОРИДА. ЕБИГЕЈЛ Е НЕГОВА РАДОСТ, ТАА Е ПЛИВАЧКИ ШАМПИОН И ПОМАЛКУ УМЕТНИК!!!
АХ, НАВИСТИНА? КОЛКУ ИНТЕРЕСНО!
СТРОГО АРИСТОКРАТСКА ПИЧКА! БЕЗ ЗАЕБЕНЦИЈА! ТАКВИ ГИ САКАМ, ЗНАЕШ? ВИСОКИ И ГОРДИ. ПОЗАБАВНО Е ДА ГИ СПУШТАШ МАЛКУ! ХИ, ХИ, ХИ!
ДА, ЗНАМ ШТО САКАШ ДА КАЖЕШ... ХЕ, ХЕ!
КОГА ЌЕ СЕ СЕТАМ НА СИТЕ ОНИЕ ГОДИНИ КОГА БЕВ НЕПОЗНАТ? КОПНЕЕВ ПО ТИЕ КУЧКИ ОД ВИСОКОТО ДРУШТВО! СЕГА САМО ТРЕБА ДА СВИРНАМ! СРАЊЕ! КОЛКУ Е ОДВРАТНО!!
ГЛП!
КЛИК
ЗНАЕШ, БРУНО, СТАРИ, БИДЕЈЌИ СУМ ПОЗНАТА ЛИЧНОСТ, СИТЕ ОВИЕ КУЧКИ ЧЕКААТ СО НИВНИТЕ ДУНДИ СПРЕМНИ ЗА СТАП ОД ФИЛМСКА ЅВЕЗДА!!! ДУПЕЊЕТО МОЖЕ ДА ИЗМОРИ И ДИВА МАЧКА, ХА....ХА..!
ХЕ ХЕ..
ЦАПНИ, СТАРИ!!
ДА ЗАПОЧНЕМЕ СО РАБОТА, МОЖЕ? МИСЛАМ ДЕКА МОЖЕМЕ ДА ГО СРЕДИМЕ ОВОЈ НЕРЕД СО ДАНОЦИТЕ, ЗА ДА НЕ МОРАШ ДА ОСИРОМАШУВАШ... ХЕ...ХЕ...
СУПЕР...ОДЛИЧНО... ТЕ САКАМ ДУШО...ТИ СИ ЦАР... НАВИКНАТ СУМ НА ОВОЈ СКАП ЖИВОТ И НЕ БИ САКАЛ ДА СЕ ОДВИКНАМ ОД ОВОЈ ЏЕТ-СЕТ ЖИВОТ ОКОЛУ МЕНЕ...
ОВИЕ ЦИФРИ ШТО МИ ГИ ДАДЕ ТВОЈОТ ПРОДУЦЕНТ ВО ВРСКА СО ПРОЦЕНТОТ ШТО ГО ЗЕМАШ ОД ФИЛМСКИТЕ ДОГОВОРИ... ТОЧНИ ЛИ СЕ?...ХЕ..ХЕ..
А, ДА ТИ ИБАМ! ПОЈМА НЕАМ.... ПРОДУЦЕНТИТЕ СЕ ЕВТИНИ ПРЕВАРАНТИ. КОЈ ЗНАЕ... БРОЈКИТЕ НЕ ЛАЖАТ НО ЛАЖГОВЦИТЕ БРОЈАТ! ХА, ХА....
ГЛБ!


ЧАСОВИ ПОДОЦНА
УФ! КОНЕЧНО ЗАВРШИВ СО ТОА СРАЊЕ!
И ТАКА... ВО КРЕВЕТ!
МАЛКУ СУМ ПИЈАН!
ЗЗЗЗЗЗЗЗЗ
АХ, ВИДИ, ВИДИ! КАКВА ПРИВЛЕЧНА СЛИКА! КАКВО ТЕЛО! КАКВО....
ГРРРГ
САМО ДА ЈА ТРГНАМ ОПАШКАВА....
BRRRRZZZT!
ЗЗЗ-ЗАП
Ѻ!!!*!!
АЛО!?
ЕЈ ФРИЦ, ЧОВЕЧЕ СТИВИ!! СЛУШАЈ! САКАШ ЛИ ДА ПРИСУСТВУВАШ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СЦЕНАРИО, УТРЕ КАЈ МЕНЕ ВО КАНЦЕЛАРИЈА?
МИСЛАМ ДЕКА НАЈДОВМЕ НАВИСТИНА ДОБРА ПРИКАЗНА , СКРОЕНА ЗА ТЕБЕ! СÈ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА ЖИВЕЕЊЕТО ВО ДЕНЕШНИВЕ ТУРБУЛЕНТНИ ВРЕМИЊА, НАВИСТИНА ПРЕКРАСНО И..
МАЧОРУ! ДОЈДИ ВАМУ!!
АМА НИЕ СÈ УШТЕ НЕ СМЕ ГО ЗАВРШИЛЕ "ФРИЦ-СКИТНИКОТ"! ШТО Е ОВА СЕГА?
ПОБРЗАЈ!
СЛУШАЈ ЧОВЕЧЕ, ЌЕ ШЕКНЕШ КОГА ЌЕ ПРОЧИТАШ, СИТЕ СМЕ ВОЗБУДЕНИ ОВДЕ... ..НАВИСТИНА... ШТО ВЕЛИШ ЗА РУЧЕК УТРЕ? ДА СЕ НАЈДЕМЕ КАЈ МЕНЕ ВО КАНЦЕЛАРИЈА?
ОК ОК ЌЕ СЕ ВИДИМЕ ТАМУ!



А СЕГА!!
ГРИЗ!
УУУУХХХ!
СЛЕДНИОТ ДЕН НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗА СЦЕНАРИО...
МИСЛАМ ДЕКА СО ОВА ЌЕ ПОСТИГНЕМЕ ПОГОЛЕМ УСПЕХ И ОД ПРВИОТ "ФРИЦ" ФИЛМ! ОВАА ПРИКАЗНА Е ЕДНА ОД МИЛИОН! ТАКА ЛИ Е РАЛФИ ДУШО?!
ВОЗДИШКА
ТАКА Е СТИВИ!!! МЛАДИНАТА ЌЕ ГО ОБОЖУВА И ЌЕ БИДЕШ НАЈПОПУЛАРЕН КОГА "ФРИЦ ОДИ ВО ИНДИЈА" ЌЕ СТИГНЕ ВО КИНАТА!
ДОБРО, ДАЈ МИ ГО! ЌЕ ГО ПРОЧИТАМ ТОА СРАЊЕ! ФАЛА ЗА РУЧЕКОТ, ДЕЧКИ!
ЈАВИ НИ СЕ ПОБРЗО, ВАЖИ? И НАВИСТИНА, ФРИЦ, ЌЕ ТИ СЕ ДОПАДНЕ!!!
ЕЈ ФРИЦ! НЕМОЈ ДА НЕ СТИГНЕШ НА ВРЕМЕ ЗА ШОУТО НА ЏЕЈ ЖИРАФАТА, ВЕЧЕРВА, ОК?
МОРАМЕ ДА ГО ЗАВРШИМЕ И "ФРИЦ-СКИТНИКОТ" И НЕ СЕ ПРАВИ ПРЕВИШЕ ТАПА, ВЕЧЕРВА, ОК? ХА, ХА!!!
ДА, ДА ДА!!! СЕ ГЛЕДАМЕ!
ИМАМ НЕКОЛКУ ЧАСА ЗА ТРОШЕЊЕ ПРЕД ТОА ПРОКЛЕТО ШОУ...
МИСЛАМ ДЕКА ЌЕ ШЕТАМ ПО ГЛАВНА... ДА ИМ ГО ПОКАЖАМ ЛАМБУРЏИНИВО НА ДЕЦАТА ТАМУ... ХЕ...ХЕ...
ROAAAR
НА БУЛЕВАРОТ "ЗАЈДИСОНЦЕ"
ХММММ! СЛАТКА Е!
DEEP FOOZ


ЗДРАВО, ДА ТЕ ПРЕФРЛАМ?
ХА!
ЛЕЛЕ, ДАЛИ СИ ТЕ МАЧОРОТ ФРИЦ?
ХЕ, ХЕ... КАКО ПОГОДИ? ....ХЕ, ХЕ....
ВЛЕЗИ ЌЕ ТЕ ОДНЕСАМ КАЈ САКАШ!
УФ, ЛЕЛЕ!
НЕ БЕВ ТРГНАЛА НИКАДЕ ПОСЕБНО!!
ОДЛИЧНО! ДА ОДИМЕ ПО НЕКОЈ ПОСЛИКОВИТ ПАТ! ХЕ...ХЕ...
ОФ, ЛЕЛЕ! ОВА Е ЛУДНИЦА. ЈАС СЕ ВОЗАМ ВО КОЛА СО МАЧОРОТ ФРИЦ.
НЕШТО СО ШТО МОЖЕШ ДА ИМ СЕ ФАЛИШ НА ВНУЦИТЕ..ХЕ..
VROOM
ДВАЕСЕТ МИНУТИ ПОДОЦНА
ДА, И СЕГА МОЈАТА БИВША ЖЕНА МЕ ЦЕДИ КОЛКУ ШТО МОЖЕ ПОВЕЌЕ. А ПРОДУЦЕНТИТЕ И РЕЖИСЕРИТЕ МЕ ТЕРААТ ВО ГРОБ ОД МНОГУ РАБОТА!


МАС-МЕДИУМОТ Е ТОТАЛЕН ШОК! ЈАС СУМ ШОКИРАН! ТИ СИ ШОКИРАНА. ЦЕЛИОТ СИСТЕМ Е СОСЕМ РАСПАДНАТ...УСПЕХОТ МЕ НАТЕРА ДА СТАНАМ ОГОРЧЕН И ЦИНИЧЕН.
ЦЦЦ!
СÉ ШТО САКАМ Е..Е...
ХО, ХМММ!
ЕЕЕЕЕК!
ЕЕЕЈ! ШТО ПРАВИШ! ИЈАУ!
МММ, ГЛБ!
ТИ НАВИСТИНА СИ ЛУДНИЦА, ЧОВЕЧЕ!


45 МИНУТИ ПОДОЦНА, НАЗАД НА БУЛЕВАРОТ "ЗАЈДИСОНЦЕ"
Е, ПА, МАЛЕЧКА МОРАМ ДА СТИГНАМ ЗА ШОУТО, ВИСТИНСКО БЕШЕ...И ТАКА НЕШТО....
СЕ ГЛЕДАМЕ!
